СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и шестата седница на Собранието на

Република Македонија одржана на 28.11.2003 год.

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господо пратеници,

Ја отворам Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Хисни Шаќири, Весна Борозан, Трифун Костовски, Соња Лепиткова, Илјаз Халими, Игор Ивановски, Ванчо Стаменков, Сашко Ќедев, Марија Којзеклиска, Ристо Пеовски Илија Китановски, Петар Наумовски, Никола Груевски и Љупчо Георгиевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Репубилка Македонија заради разгледување на Предлогот на Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак.

За денешната седница го предлагам слендиот дневен ред:

- Предлог на одллука за испраќање на единици на Армијата на Репбулика Македонија за учество во мировна операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници и сите гласале за дневниот ред.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката

1.- **Предлог на одллука за испраќање на единици на Армијата на Репбулика Македонија за учество во мировна операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор,

За збор се јави министерот за одбрана Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Пред Вас се наоѓа Одлуката за испраќање на единица на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак. Дозволете најпрво да го образложам поводот зошто побаравме да има итна седница на Парламентот.

Шестмесечниот мандат на нашиот контингент на војници кој се наоѓа во Ирак завршува на 10 декември о.г. Првично беше планирано тогаш да се изврши и замената на нашиот контингент, но заради тоа што транспортот, логистичката поддршка од страна на нашите партнери, од Соединетите Американски Држави но и заради проценките на Генералштабот дека е потребно во еден период да се наоѓа заедно претходниот контингент, со овој контингент донесена е Одлука, ако биде позитивна одлуката на Собранието на Република Македонија кое е надлежно за испраќањето на наши војници во мировни операции транспортот односно заминувањето на новиот контингент да се изврши идната недела, на 3 декември. Од тие причини побаравме на денешната седница да се разгледа оваа одлука.

Дозволете сега да ги образложам и причините заради кои Владата смета дека и понатаму треба да бидеме присутни во операцијата"Слобода за Ирак" како дел од антитерористичката коалиција која беше формирана по терористичките напади на 11 септември 2001 година.

Република Македонија носејќи ја Одлуката, Парламентот, пред шест месеци имаше во предвид една ситуација, во меѓувреме сметам дека има два клучни моменти кои одат во прилог уште повеќе денес да донесеме позитивна одлука и да дадеме виза за заминувањето на наш контингент во мировната операција во Ирак.

Тоа е пред се резолуцијата на Советот за безбедност од 16 октомври о.г. Тоа е Резолуцијата 15-11 која успеа да создаде една поинаква атмосфера во самиот совет за безбедност и во членот 14 од оваа Резолуција советот да ги повика сите

земји членки на Светската организација да обезбедат помош за Ирак вклучувајќи и воена сила под мандатот на Обединетите Нации.

Пред шест месеци кога ја носевме претходната одлука сеуште постоеше дилемата и неусогласени беа пред се членките на Советот за безбедност. За оваа резолуција гласаа сите 10 непостојани членки на Советот за безбедност и петте постојани членки (Франција, Русија, Кина, САД и Велика Британија).

Другата предност во компарирање со ситуацијата која ја имавме пред шест месеци е стекнатото искуство на нашите војници кои во една исклучително тешка мисија дадоа несебичен придонес за подобрување на состојбата на територијата на која се наоѓаа. Тие се наоѓаат во околината на Багдад, во местото Таџи, каде што со нивниот исклучителен придонес учеството заедно со елитната четвртај пешадиска Американска дивизија мислам дека прават непроценливи поени во напорите што ги прави Република Македонија да се приближи кон НАТО, но и непроценливо даваат придонес во остварувањето на целите на оваа мисија, а тоа е освојување на слободата во Ирак, која за жал сеуште не е освоена на целата територија.

Би сакал во оваа пригода да истакнам дека во овој момент со завршувањето на меѓународното воено присуство во Република Македонија, со завршувањето на Мисијата “Конкордија”, како и со нашето учество во Мисиите во Авганистан и во Ирак јасно се покажува дека Република Македонија од зависник од странското воено присуство за обезбедување на својата безбедност и стабилност ја менува радикално својата позиција, го зајакнува својот кредибилитет и углед со тоа што може да даде свој придонес во зацврстувањето на светскиот мир и стабилност. Сето она што се случува во последниве неколку недели, пред се серијата напади кои беа во Истанбул покажуваат дека живееме во еден свет каде што борбата против тероризмот како глобална закана, како глобално зло не се води само на просторите во Ирак или во Авганистан, туку и последните предупредувања што стигнуваат во нашето најблиско опкружување, информациите и од Тирана и од Букурешт и од Софија, но и последните денови и од Приштина говорат дека битката против тероризмот се бие насекаде низ светот и сметам дека со своето учество и со продолжувањето на учеството на Република Македонија ние го скратуваме патот кон интегрирањето кон НАТО, но и го подобруваме угледот и кредибилитетот на Република Македонија како членка на Обединетите Нации.

Затоа се надевам дека овој предлог за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во мировната операција во Ирак ќе наиде на поддршка во Собранието на Република Македонија.

Дозволете на крајот кратко за одлуката.

Пред вас е Одлука која е скоро идентична со Одллуката која ја донесовме пред шест месеци. Повторно декларираме дека сме подготвени да испратиме и еден медицински тим и еден специјален вод од Армијата на Република Македонија.

Иако и минатиот пат имавме декларирано еден медицински тим и еден специјален вод заминаа само нашите специјалци. За среќа немаше потреба да замине медицинскиот тим, верувам дека и во идните шест месеци ќе останеме со нашето учество само со водот за специјални операции, а медицинскиот тим кој е подготвен ќе остане и понатаму во Република Македонија.

Кусо за подготовките на овие наши војници.

Тие имаат две ипол месечна обука каде што од неколку пати поголемиот број на кандидати кои ги поминаа тестирањата, одбрани се 31 најспособен член на овој одред за специјални операции, кој верувам дека достојно ќе ја преставуваат Република Македонија во Ирак и ќе дадат непроценлив придонес во сето она што Република Македонија го прави во последните неколку години да се приближи кон Евроатлантските интеграции.

Со надеж дека ќе ја поддржите оваа одлука на Владата однапред Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Отворам претрес по . . .

(Господинот Стојан Андов бара збор процедурално)

Повелете г-дине Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван претседателе,

Ова е многу важна точка на дневен ред, ние се пак доста брзо ја свикавме седницата, а и г-динот министер за одбрана даде некои појаснувања кои можат да влијаат на однесувањето на пратениците, затоа би побарал една пауза од 15-20 минути, колку треба, за да се симне ова и да го имаме пред нас тоа што го зборуваше министерот. Да видиме дали тоа може да повлијае на промената на ставот на поедини пратеници и пратенички групи.

ЉУПЧО Ј ОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час.

СТОЈАН АНДОВ:

И, задолжете ги службите да ни дадат стенографски белешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, да. службите нека ги симнат стенографските белешки.

Објавувам пауза од половина час.

(пауза од 10,25 часот)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 11,15 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со петресот.

Има збор г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван г-дин претседателе на Собранието, почитувани господини претставници на Владата, драги колеги,

Ние денес имаме точка на дневен ред по која заради многус ложените околности во кои треба да се изјасниме по неа немаме право да одлучуваме врз основа на општи импресии или на некои генерални ставови само. Мораме да имаме многу повеќе информации и сите последици после, и позитивни и негативни, а ќе има се разбира, јас се надевам сепак позитивни, да можеме да ги објасниме со нашето држење во моментот на донесувањето на оваа одлука.

Кога донесовме одлука пред нешто повеќе од шест месеци за да иде единица од Армијата на Македонија во мировна мисија во Ирак, таму беше број на мисија на Обединетите нации и имавме впечаток дека е во тек веќе мировен процес. Требаше да се совлада дезорганизацијата која редовно и нормално настапува во после воениот конфликт и воените дејствија и да се воспостави една нормална организација на функционирање на општеството во Ирак каде беше потребно учество на наши вооружени сили. Навистина, проценката на Владата беше дека единицата која ја праќаме таму учествува дефинитивно во мировна мисија, а не во антитерористичка акција, не во активност против терористите таму. Не велам Владата располагала и со други информации па нас погрешно не информирала. Верувам дека со тие информации што располагала не запознала, толку знаела, толку и ни кажала овде и тогаш навистина за сите нас тоа беше доволно да одлучиме дел од нашата војска, единица оспособена за таа намена, за таа цел да отпатува во Ирак. Меѓутоа, оттогаш наваму ситуацијата во Ирак се претвори во една жестока пресметка меѓу мултинационалните сили и нивните приврзаници вклучени во разни тела на Ирачкото општество, како што се оние совети, обиди да се создаде полиција итн., со очигледно добро организирана терористичка акција, терористички

јадра очигледно со моќ да нанесат болни удари и да создадат пекол и за ирачкиот народ и за овие кои отишле таму да ги исправат состојбите во Ирак.

Таа терористичка активност излезе од рамките на Ирак, се покажа во Саудиска Арабија и во Турција, да обележи земји кои особено успешно служат за бази и за подршка на силите на мултинационалните сили во Ирак. Таму имаше многу жестоки напади и многу жртви.

Слушајќи го министерот овде, затоа и барав да проверам да видиме што точно рекол, тој фактички рече дека пред предностите што оценивме дека ќе ги добие Македонија со испраќањето на овие единици минатиот пат кога одлучивме тие предности забрзување на интеграциите, итн., и сега останува. Додаде и други две поволни околности. Едната е искуството на овие 29 наши војници таму, кое ќе биде предадено од 3 до 10 декември и на другите што сметам дека е точно.

И друга работа е резолуцијата на Обединетите нации, 15-11 донесена на 16 октомври, каде во параграф 14 повикувајќи се на параграфот 13 се повикуваат земјите членки да помогнат во испраќање на воени сили во мултинационалните сили во еден спомнат мандат на Обединетите нации, но тоа никаде во резолуцијата не се означува дека се сили на Обединетите нации, туку сили што ќе ги праќаат земјите, а ќе бидат во мултинационалните сили.

Очекував јас министерот со своето излагање, со оглед дека е многу кратко образложението на Предлогот на одлуката да им даде дополнителна информација. Да ни даде информации кои се земји сега учествуваат во мултинационалните сили и кои земји после резолуцијата, 1 врзано кои земји учествуваат, кои земји од нашите соседи и од регионот западен Балкан учествуваат, со што учествуваат во оваа мисија на мултинационалните сили. Потоа кои земји после донесувањето на резолуцијата 15-11, решиле да пратат сили, а кои од нив не пратиле. Кои испратиле, а кои не испратиле. Колку што знам најпознати случаи се на Јапонија и Турција. По донесувањето на резолуцијата 15-11, тие одлучија да испратат сили, дури Турција одлучи еден голем контингент да испрати од 10 војници, меѓутоа, откако се разгоре тој жесток судир меѓу мултинационалните сили и терористичките јадра во Ирак, турската Влада го заустави прашањето на силите.

Исто така, и Јапонија го запре испраќањето на сили. Јапонија тоа го образложи со најавата за напади во Токио од страна на Ал Каеда. Дали ние треба да чекаме директно да ни се заканат, па и ние да ја преоценуваме нашата одлука.

Сега сакам да ви кажам уште неколку напомени, врз основа на излагањето на министерот и врз основа на текстот на Резолуцијата на Советот за безбедност, при

што фактички сме присилени како пратеничка група на Либералната партија да си го задржиме нашиот поранешен генерален став, став кој го декларираме кога овде предложивме една Декларацја, која беше разгледувана на 25 февруари, односно не беше разгледувана туку беше предложена за дневниот ред два три дена пред да дојде претседателот на Комисијата на Европската унија г. Романо Проди, и кога ова Собрание одби да ја уврсти Декларацијата на дневен ред, кога ние предлагавме Собранието да декларира став дека со судирот, во проблемите со Ирак Македонија ќе ги следи одлуките на Европската унија и ќе задржи свој вистински проевропски став. Беше одбиено тоа да се разгледува, никогаш не се даде образложение зошто е одбиено тоа.

Ние инсистиравме Македонија да ја усогласува надворешната политика, а тоа генерално би било во согласност и со Пактот за стабилизација и асоцијација, со Европската унија, со носечките сили во Европската унија. Европската унија, потоа, околу прашањето на Ирак се подели. Некои сили од Европската унија испратија сили кои се придружија, а Велика Британија од почетокот учествува во мултинационалните сили и е една од главните организатори. Потоа, свои сили испратија и Шпанија, Италија, Полска итн.

Меѓутоа, од таму никна и некоја теза за стара и нова Европа. Ние мислиме дека главните сили во Европската унија, Франција и Германија, задржаа една воздржана позиција во врска со тоа и се покажа доста оправдана. Се покажа дека акцијата во Ирак ќе беше далеку поуспешна, со помалку жртви и од овие кои би ја изведувале и од страна на ирачкиот народ и со многу помалку разорувања, кратко ќе траеше и ќе беше легитимна, ако беше потпрена на мериторни одлуки на Обединетите нации, ако беше во согласност со ставовите на сите постојани членки на Советот за безбеност и ако од почеток тоа беше акција на Обединетите нации. Тоа го заговаравме од почеток.

Македонија треба да си ја држи таа линија. Меѓутоа, овде кај нас настана една трка од поединци кој повеќе ќе се промовира како проамерикански настроен, а не знае дека фактички на тој начин е антиевропски настроен, а на Америка многу нема да и помогне, бидејќи сепак е мала Македонија, ама си ги поништува своите европски вредности и на тој начин ги доведува во прашање. Таа трка доведе до маса изјави, еден по друг се надтркуваа клучни луѓе во државата дека ние ја поддржуваме таа акција, не е потребно Обединетите нации да одлучуваат и такви изјави.

Мислам дека тоа беше една непромислена акција и тоа однапред ја обврза пратеничката група на СДСМ, која овде е најбројна, така силно потоа да ги поддржува овие активности кои беа овде искажувани. Дури, имаше изјави дека некои партии - тоа го тврдеа од ДУИ - тие партии се стратегиски партнери на САД. Сакам да ви кажам колку се тие непромислени и опасни изјави било од која партија да доаѓаат. САД немаат стратегиски партнери во делови на политичкиот живот или делови од општеството во некоја земја, заради тоа што таквата позиција на САД би ја промовирала таа земја која се бори за демократија и за мир во светот, сега се бори вака жестоко и против тероризмот, би ја промовирало во земја која ги руши внатрешните односи во земји, кои сакаат да и бидат како земји пријател, со тоа што избира одделни групации, политички партии или дел од заедниците итн.

Според тоа, мислам дека тоа беше многу непромислено и многу штетно воопшто во искажувањата на нашите политичари.

Исто така, сакам постепено да станеме свесни, кога велиме дека нам САД ни се стратегиски партнер - јас сакам да ви кажам дека ние ги доживуваме САД како стратегиски партнер, навистина и ни се потребни како стратегиски партнер, како што и се САД стратегиски партнер и на Европа. И ние сме во тоа партнерство европски дел и тоа дефинитивно треба да знаеме дека сме ние европски дел на Атлантското партнерство - САД од една страна и Европа од друга страна. Тоа Атлантско партнерство е основа на мирот и безбедноста во современиот свет. Таму има некои проблеми, ама ние едноставно не можеме да ја промениме страната, заради тоа што ние сме европјани, ние сме европска земја и никогаш, како што ни беше порачано, не можеме да станеме 52-ра членка на САД, а имаме перспективи и можност ако знаеме да водиме политика и да се бориме за тоа, да станеме членка на Европската унија. Ова го велам од причина што некои велат дека САД нам ни се стратегиски партнер, ние мораме на тој начин да се однесуваме итн. Нашето однесување спрема САД е најкоректно кога е доследно европско. Нас и не не замислуваат на друг начин. Се друго е привремена работа, дневна работа, дневна политика.

Понатаму, сакам да обрнам внимание на вистинската политика на САД. САД за Балканот имаат сосема јасна политика: промоција на мирот, безбедноста, стабилноста и демократијата. Тоа е нивната политика. Не градат стратешки односи ни со една земја. Тие имаат стратешки односи со Европа, имаат стратешки односи со Израел, имаат стратешки односи со земјите на Заливот, со Јужна Кореја, се

разбира, имаат со Русија стратешки однос и тоа се нивните стратешки односи. Премали сме ние тие со нас да градат стратешки односи.

Посетата на г. Црвенковски како протече сега во САД е типичен пример да ни кажат дека само за тоа се интересираат овде - за мир, стабилност, безбедност, промоција на демократијата, само за тоа, а не за некои стратешки односи итн. За нашите очекувања околу Атлантскиот пакт и приемот ни кажаа отприлика итн.

Ако сакаме да ги прошириме односите со САД, освен совладување на кризата, треба сами да имаме идеи како ќе ги прошириме тие односи. Не може сега премиерот да оди во САД, а ниеден стопанственик да не носи. Тој мора да знае со промената на вредноста на доларот е упропастен нашиот извоз во САД. За стабилност и сигурност на односите со САД тоа е клучно прашање со нас, дали имаме економска сила воопшто да ги следиме тие процеси што ги застапуваат овде. А знаете како е, ние таму имаме извоз на црната металургија, во криза е нашиот извоз, имаме голем извоз на текстил, во криза е, пропаѓа, верувајте, а ниту преземаме мерки овде...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Андов, ако може зборувајте за темата.

СТОЈАН АНДОВ:

Зборувам за односите со САД кои се основа, како се сваќа тоа во овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, сепак придржувајте се на темата.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, сепак тоа го кажав и ви оставам да се задржите на оваа работа натаму, да просудувате за тоа.

Сакам уште еднаш да кажам, цврсто останувајќи на нашето блиско парнерство со САД и ценејќи ја улогата на таа земја во градењето на стабилноста, мирот, безбедноста и демократијата овде во цел балкански регион и Западен Балкан, ние сме должни тоа да го правиме држејќи се за главните струи на Европската унија и оценувајќи и препорачувајќи тие струи да добијат поголема важност во партнерството со САД и нивните ставови во однос на сегашната проблематика во Ирак. Ако сакаме Ирак да го доживуваме така како што ние сакаме, како што замисливме, дека таму треба да се создадат демократски институции, ирачкиот народ да владее, како што вели во Резолуцијата, со својот суверенитет и ресурсите со кои располага, ние треба да останеме на тоа во овој момент, имајќи ги

предвид сите опасности кои се појавија дека е итно САД, Германија, Франција, да кажам и Русија да се договорат за вистинската иднина и за динамиката на остварувањето на мирот и демократијата во Ирак, за да го отстраниме вистинскиот непријател со кој сега се соочуваме, а полесно да го совладаме она што е средство на тој непријател, инструмент, односно тероризмот.

Заради тоа ние овој пат, бидејќи сосема е нова ситуацијата, нашата пратеничка група ќе гласа против овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Андов.

Има збор г. Блаже Стојановски, а потоа нека се подготви пратеникот Кенан Хасипи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Во образложението на Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Република Македонија и за учество во мировни операции се наведува дека при предлагањето на оваа одлука била ценета неопходноста Република Македонија да даде свој придонес кон заедничките напори на светската зедница за продолжена поддршка заради зачувување на светскиот мир и безбедност.

Тргнувајќи од со ништо необразложената неопходност, без да се опише актуелната состојба во Ирак, без да се наведе на кој начин Република Македонија ќе придонесе во зачувувањето на светскиот мир и безбедност, Владата му предлага на Собранието и на сите нас пратеници во ова Собрание донесување на одлука со која припадници на Армијата на Република Македонија, сите ние со сите ризици за нивниот живот ќе треба да ги испратиме шест месеци да учествуваат во операцијата “Слобода за Ирак”.

Најмалку што може во овој момент да се каже е: неаргументиран предлог на Владата. Факт е дека сите ние даваме целосна и безрезервна поддршка на процесот на зачленување на нашата земја во НАТО структурите. Факт е дека во многу наврати досега тоа сме го покажале и докажале. Факт е дека сите ние тука дадовме целосна поддршка за упатување на припадници на Армијата на Република Македонија во моментот кога сојузничките сили се спротивставија на опасностите од недемократскиот режим во Ирак и од евентуалната употреба на оружје за масовно уништување, со цел да се зачува светскиот мир и да се обезбеди почитување на

слободите и правата на населението во Ирак и во регионот. Сите овие факти се неспорни.

Но што е спорно? Спорно е ситуацијата во Ирак во овој момент. Во Ирак не може да стане збор за зачувување на мирот, затоа што мир нема. Таму постои ситуација за која малку кој може со сигурност да каже во кој правец ќе се развива, особено што и самото присуство и активност на сојузничките сили во Ирак се врши без одобрение на Обединетите нации, за разлика од мировните операции во Босна и Херцеговина и во Косово, каде имаше обврска за СФОР и КФОР дадена со Резолуции на Советот за безбедност.

Сите прилагодувања на подготвеноста на силите на НАТО постојано стрикно ја одразуваат одбранбената природа на алијансата. Вклучувањето на партнерите на НАТО, особено во сферата на мировните операции и кризниот менаџмент е реалност и ефикасно средство за зајакнување на соработката со нив. Со тоа се врши промоција на широко партнерство, соработка и дијалог со партнерите, а на тој начин се зголемува заедничката доверба и способноста за заедничка акција со алијансата. Впрочем, сите овие елементи се содржани и во стратегијата на алијансата за подготовка за безбедносните предизвици во ЏЏИ век, дефинирана на Вашингтонскиот самит во април 1999 година.

Овој концепт ги потврдува вредностите на демократијата, човековите права и владеењето на законот и ја изразува решеноста на сојузниците не само за заедничка одбрана, туку и за мир и стабилност во пошироката евроатлантска област.

Овој документ потврдува дека постојат ризици и несигурности со кои се соочуваат членките на алијансата и другите држави во евроатлантскиот регион, како што се: етнички конфликти, политичка нестабилност, економска несигурност, злоупотреба на човековите права и ширење нуклеарно, биолошко и хемиско вооружување.

Овие аспекти претставуваа основа на ангажманот на сојузничките сили во Ирак. Одлуките кои треба да ги носи и воопшто приодот кој треба да го има Република Македонија во однос на овие прашања треба да биде раководен не само од основните концепти на алијансата, туку пред се од Акциониот план за членство. Во него, како и во Партнерството за мир е фундиран принципот на самоопределување, односно секоја земја аспирант е слободна да ги избере овие елементи на Акциониот план за членство кои најдобро одговараат на нивните национални приоритети и услови. истовремено, земјата аспирант треба да постигне

определени цели во областа на политиката и економијата, што значи решавање на меѓународни, етнички или надворешни територијални проблеми со мировни средства, демонстарација на заложбата за владеење на законот, почитување на човековите права, како и промоција на стабилност и благосостојба преку социјална правда, економска слобода и еколошка одговорност.

Тргнувајќи од наведеното, не сум сигурен дека во овој момент е поголема неопходноста за учество во воената мисија во Ирак од неопходноста за почитувањето на човековите права. Или наместо Владата да ги насочи сите свои капацитети кон обезбедувањето услови за враќање на протераните македонци во своите домови, наместо да обезбеди владеење на законот на целата територија на Република Македонија, што е вистинска неопходност, испраќа војници во ирачкиот пекол.

САД се свесни за нашата определба за членство во евроатлантските структури и за стратегиско партнерство. Симболичната потврда ја искажавме со досегашниот ангажман на нашите припадници на Армијата на Република Македонија. Целта која треба да ја имаат нашите сили кои се испраќаат во Ирак треба да биде воведување на демократските принципи во оваа земја, како и нејзината обнова, целта која треба да биде највисок приоритет на Владата е воведување на демократските принципи во Република Македонија и нејзината иднина, нејзината економска обнова. Затоа, проблематично е испраќањето на граѓани на оваа земја во држава од каде секојдневно пристигнуваат вести за по некој убиен цивил или војник. Проблематична е оваа одлука затоа што мора да постои грижа за судбината и животите на нашите војници, за нивните деца, за нивните семејства.

Почитувани пратеници, апелирам при гласањето за оваа одлука да ги имате предвид сите овие работи и со целосна одговорност да пристапиме кон донесувањето на оваа одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Демократската партија на Турците на Македонија високо го цени суверeното право на секој народ за самостојност, независност, уживање на највисоките деомкратски стандарди и борбата против секој вид насилство независно од каде доаѓа и кон кого се наменети. Меѓутоа, таа борба ќе се врши исклучиво со демократски средства на цивилизиран начин и во рамките на меѓународното право и

меѓународните стандарди. Тоа значи дека енергично креваме глас против секој вид насилие, криминал и тероризам како глобална закана за светскиот мир. Одтука и покрај сите противења, недоразбирања, па дури и отворените противења на многу земји од ЕУ за воената операција во Ирак, само неколку месеци подоцна ООН со нова резолуција 1511 ги охрабрува државите да земат учество во стабилизирање на состојбите во Ирак и застанување на патот на тероризмот како глобална закана за светскиот мир.

Република Македонија уште на самиот почеток имаше изграден политички став за учество во состав на коалиционите сили на операцијата "Слобода за Ирак" во пост воената фаза 5 , поточно во мировна операција во Ирак и со одлука на Собранието на Република Македонија зеде учество во таа операција со еден вод на сили за специјални операции кои овие денови го исполнува предвидениот шест месечен престој во Ирак. Си земам за право од ова место на припадниците на овој специјален вод да им честитам за достојното презентирање на Република Македонија и покажаниот висок степен на обученост и одлучност во обезбедувањето и поддршката на коалиционите бази во Ирак.

Почитуван г. претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и г-да пратеници. Денеска Собранието на Република Македонија, е исправено пред донесување на исклучително важна одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, за учество во мировната операција во Ирак. Сосема е разбирливо дека се работи за исклучиво чувствителна тема пропратени со сериозни ризици, имајќи ги во предвид актуелните состојби не само во Ирак, туку и во многу други земји каде се случуваат терористички акти од невидени размери. Денес целиот слободољубив свет се згрозува пред грозоморните терористички акти кои однесуваат голем број човечки животи, тешко инвалидизираат над 100-тици лица, предизвикуваат тешки психички трауми и сеат страв меѓу недолжните граѓани. Ова општо цивилизациско зло полека, но сигурно станува опсесија на голем број фанатаци со девијантна идеологија чија единствена цел е редизајнирање на светскиот поредок по сопствен терк и во прилог на сопствените интереси. Впрочем, терористичките акти кои ги изведуваат по својот обем и разорност укажуваат на бескрупулозноста на сторителите и нивната добра организираност. Настаните од 11 септември 2001 година е само една од алките на ланецот терористички акти кои не познаваат граници, раса , боја на кожа, нација, политичка, или верска припадност. Најновите терористички акти во Саудиска Арабија и во Истанбул по својата бруталност, бројот на жртвите и тешко повредените е најсериозна опомена на

целиот слободољубив свет со сите средства да се дигнат против ова општо цивилизациско зло.

Денес шест месеци подоцна покажуваме одлучност во продолжување на ова мисија со нудење на нов вод на сили за специјални операции и еден медицински тим во составот на мултиетничките сили во операцијата “Слобода за Ирак”. Сосема сум свесен дека операциите од ваков вид се поврзани со високи ризици, со опасност за губење на скапоцени човечки животи. Но, од друга страна нема застанување на патот на тероризмот доколку не се прифатат и таквите ризици. Јас овие размислувања овде ги изнесувам не од позицијата на стратешкото партнерство со САД, туку од еден друг морален, па ако сакате и од превентивен аспект да го дадеме нашиот допринос, ако не за спречување, барем за ублажување на последиците на тероризмот како глобална закана за светскиот мир и демократијата во целина. Се разбира дека таа борба има своја цена која ќе биде далеку помала доколку што повеќе земји го дадат својот допринос во овој правец. Одтука длабоко сум уверен дека ваквото наше учество во составот на мултинационалните сили во операцијата “Слобода за Ирак”, не само што ќе биде поддржано од Собранието на Република Македонија, туку ќе има извонредни позитивни ефекти во трасирањето на патот на Република Македонија, кон полноправно членство во Евроатланските безбедносни структури. Впрочем, тој пат неможе да се изоди со празна реторика, туку со конкретни чекори и во операции кои се со највисок степен на ризик. Длабоко уверен во исправноста на одлуката што ќе ја донесе овој законодавен дом на припадниците на единиците на Армијата на Република Македонија, учесници во составот на коалиционите сили во операцијата “Слобода за Ирак” им посакувам гордо, достоинствено и пред се високо професионално да ги извршат своите обврски и да го дадат својот допринос во зацврстувањето на светскиот мир и стабилност.

Јас ги разбирам внимателните истапи на некои пратеинци и нивните искрени намери да се стават во заштита на нашите војници. Но, сепак лично сметам дека воздржаната позиција на Република Македонија не само што би било девиирање од досегашната стратегија за активно учество во антитерористичката коалиција, туку политички би имало сериозни импликации за идните позиции на Република Македонија во Евроатланските безбедносни структури. Одтука сосема се погрешни тезите дека мораме да бираме страни, дотолку повеќе што и многу членки на ЕУ активно партиципираат во оваа антитерористичка коалиција од една страна, а од друга страна секоја земја си има суверено право да делува во рамките на сопствените интереси. Лично сметам дека наш интерес е не само декларативно, туку

и активно со конкретни сили да партиципираме во оваа коалиција. Во тој котекс, ја поддржува одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак и длабоко сум уверен дека дечките достојно ќе ја презентираат Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Љубисав Иванов-Ѕинго,

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Господине претседателе, другари и другарки, навистина ваквите моменти се многу сложени и тешки и човек треба да го вклучи разумот, логиката, а и да размислува она што е од интерес на сопствената земја без да се приклонува, или удвара на било кого во светот. Точно е тоа дека планетата земја и луѓето што живеат на неа денеска се изложени на големи опасности од тероризмот, од ширењето на нуклеарното наоружување, од биолошките и хемиските средства со кои располагаат големите сили во светот и незнам сеуште какви убитачни средства утре ќе произлезат од лабораториите на тие кои што практично зборуваат за мир, слобода, демократија во светот. Некои теоретичари велат дека тероризмот постои одкако што постои човекот. Меѓутоа, во современиот свет, во светот на XX-от и ЏЏИ век тероризмот нарасна во такви размери и во такви големи опасности за човештвото кое особено го освести човекот, го пробуди неговиот дух и свест со тероризмот кој се случи во САД на 11 септември. Некако тогаш светот свати дека треба да се направи антитерористичка коалиција за сузбивање на тероризмот на целата земјина топка. И тука се приклучија многу земји меѓу кои со право и со големо задоволство тоа го направи и нашата држава. Тоа го направи затоа што и ние како граѓани на Македонија го осетивме тероризмот во целата своја силина и јачина на овие простори на кои што простори практично и се произведува тој тероризам. Меѓутоа, во овој конкретниот случај не беше причина тероризмот за напад на Ирак, беше случајот за поседување, наводно поседување на нуклеарно оружје, на биолошко и хемиско оружје. Настаните се познати, јас несакам да ги повторувам. Тие како резултат на таквите укажувања и на таквите мотиви, причини за инвазијата во Ирак се покажаа неоправдани. Практично, не се најдоа ни нуклеарни бомби, ни ракети на нуклеарен погон, ниту биолошко и хемиско оружје барем досега. А тоа јасно го тврдеа и инспекторите на ООН кои ја вршеа инспекцијата во Ирак. А и до ден денеска и ден денеска тврдат и главните актери во инвазијата на Ирак дека не се пронајдени такви оружја. И сега кога коалицијата извојува таму победа, ние сите очекувавме состојбите таму да се средат, затоа што се тргнува еден режим т.н.

диктаторски режим и дека сега ирачкиот народ со големо задоволство ќе го прифати ослободувањето на Ирак и демократијата која што се донесува и дека практично тој ќе ја преземе власта во Ирак и воена и цивилна и дека војските ќе се повлечат од ова подрачје кои што ја обавиле таа мисија. Се покажа дека тоа не е така, дека ирачкиот народ не ја прифати оваа окупација, дека причините за војната не се оние за кои што се зборуваше туку дека се работи за големи економски интереси и дека тие интереси практично треба да се остваруваат за некои други цели и на други места и дека во тој поглед ирачкиот народ е измамен. Ние поаѓајќи од тоа дека треба да помогнеме да се воспостави мир, ред, заедно со другите држави особено со цивилниот дел на човештвото да им се помогне на ирачаните да ја воспостават таа цивилна власт, своја влада , своја администрација, свои институции и тн. и дека во почетокот е потребно и да се заштитат тие институции додека да се оформат воени снаги и полициски , а потоа ние да се вратиме . А можеби притоа гледавме и некоја своја економска корист во однос на учествувањето во изградба на Ирак, во однос на наплатата на нашите долгови. Така што Парламентот донесе една одлука тука, така да речам и едногласна да учествуваат наши снаги таму. И тука неможеме ние да и замериме на Владата, на министерот по тоа прашање, затоа што беше таква состојбата да нашето учество во една таква миројубива акција би била поздравена од сите прогресивни сили. Меѓутоа, во Ирак се створи вулкан. Таму работите се многу усложнети, таму практично има отпор и во народот, а тој отпор сигурно го користат и терористите од сите други земји да се уфрлат во Ирак и потполно да ја усложнат ситуацијата. Ние практично сега имаме една ситуација која е адекватна на ситуацијата помеѓу Израел и Палестина. И со децении тој проблем не може да се надмине. Според тоа, ако ова така се одвива, а се одвива ние мораме да размислуваме, можеби сега е касно така да размислуваме, но мораме да размислуваме како ние да се извлечеме од овој вулкан. Ова не е наша борба, ова не е наша војна. Нашата намера да учествуваме во мир практично се покажува неадекватна, нелогична и ние може да имаме случаи на многу жртви, на многу непријатности. Ние секој ден сме тука окупирани со разни вести, еве денеска пишува дека во Босна е стигнат првиот човек на Алкаеда по извори на обавештајните служби на САД, дека во Софија е затворена Британската амбасада, дека такви процеси, голема опасност и паника ја прифаќа една Грција, Атина, некои други околни земји итн. Ние како да живееме во една потполно безбедносна зона, а тоа не го согледуваме. Значи, тој тероризам и против него треба да се води таа војна и треба да се сломи тој. Меѓутоа, не може да се сломи волјата на народот, ако

народот не прифаќа некој од страна да дојде таму, а тоа е очигледно во Ирак дека не се прифаќа, затоа што народот се дигна таму на востание, народот дава отпор итн. Ние знаеме што се случи и со Виетнам и со многу други земји. Ние мораме сега сериозно и студиозно да размислиме како овој контингент кој што ќе отиде веројатно од тука, како полека да се извлечеме од целата таа состојба и од материјални причини и од политички причини и од безбедносни причини итн. Тоа што ние ќе искажуваме љубов спрема овој, или спрема оној, ништо не значи за нашите интереси, а секој во секоја работа сака да си ги обезбеди своите сопствени интереси. Според тоа, по мое длабоко мислење нашата мисија полека таму треба да заврши. Ние чесно на достоинствен начин да се повлечеме од таму за неколку месеци, за некое време и во тој правец да го припремиме тоа наше повлекување и со тие наши партнери, така да кажам, јас намерно не сакам да го употребам изразот, стратегиски, многу тоа се експлоатира. За стратегиски партнер треба од двете страни да се има желба, но, ние со еден разум, без многу политички набој, без изживување итн., паметно тоа да го направиме, од тоа гротло на вулканот полека да се повлечеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани преставници на Владата,

Самата тема за која денес се дискутира, за поддршка на одлуката на Владата на Република Македонија и од страна на Парламентот се, на некој начин да се побара една симболична единица на Армијата на Република Македонија во мисијата “Слобода за Ирак”, како да не повикува ние како претставници на парламентарни политички партии да го дадеме своето мислење, односно да се произнесеме во однос на оваа одлука.

Партијата за демократски просперитет, како што тоа го прави со години наназад, останува консеквентна на принципите на нејзината надворешна политика, определувајќи се сескогаш Република Македонија да биде интегрален дел во евроатланските структури. Дури често пати еден чекор напред прави, Македонија да биде и стратегиски партнер на САД. Бездруго, тука остануваме консеквентни, почитувајќи ги принципите на надворешната политика на САД, кога станува збор за помош и изградба на демократија и политички демократски либерални системи во голем број други земји, за да им се помогне на народите кои се стремат и навистина

имаат желба да имаат слобода, да се помогне на народите кои заслужуваат да се ослободат од разни тортури, за да се донесе мир таму каде што е потребно. И кога ние на еден начин во нашата надворешна политика сме дел од оваа политика, односон начела и принципи, тоа кажува дека останува консеквентни и како држава, односно како Република Македонија. Вистина е дека се прават ретроактивни напори и од колеги пратеници и од другите партии кои велат, да беше вака ќе беше многу подобро, доколку имаше резолуција на ООН, во однос на интервенцијата на САД, односно коалицијата, во Багдат ќе беше многу подборо. Еве, ни се јави работа која е многу сложена, но треба да прифатиме една друга работа.

Често пати не можат да се предвидат сите оние елементи во интервенции односно во определувањето за да се помогне еден народ за слобода, демократија и ослободување од диктатура. И во моменти кога се констатира дека нешто е сложено во Ирак, и тогаш ние не можеме да се повлечеме, затоа што во исте овие сложени ситуации треба да го дадеме својот придонес, со самиот факт дека сме дел од антитерористичката коалиција, иако симболично присуство во Ирак, за изградба на мир, односно слобода и демократија во оваа држава.

Од експозето на министерот Бучковски од стенографски белешки што ги добивме, има податоци дека сепак има сигнали во ООН и во Советот за безбедност дека оваа колација се зголемува, се засилува со уште некои многу силни држави, држави кои имаат големо влијание во светската политика, полека - полека тие се вклучуваат во таа коалиција, на начин, со зголемувањето на коалицијата навистина да се обесхрабрат сите оние кои се стремат кон тероризам. И она што се случува, како што рече претходно мојот колега Кенан Хасипи, тоа што се случи во Истанбул, треба навистина да не охрабри да бидеме дел, присутни, да се попречи овој тероризам кој со себе носи голем број невини жртви. Затоа треба да почитуваме и еден постулат што често пати го велат американците дека слободата не е ексклузивно право на американците, туку слободата на сите оние што ги создал Господ. Затоа, почитувајќи го и овој постулат, почитувајќи ги сите оние работи што ги прави Македонија и со нејзиното досегашно учество, непосредно со војници и други медицински екипи, ние треба да продолжиме да учествуваме, да бидеме присутни во оваа промена на единицата, се разбира посакувајќи им среќа, посакувајќи тие да ја извршат својата задача без последици, но истовремено да се горедееме дека учествуваме во една коалиција која има принципи и јасни начала во однос на она што значи изградба на демократија, на слобода и уништување на диктатури и диктатори кои не се прифатливи и за ирачкиот народ, се надеваме. Затоа, ќе

завршам со зборовите дека ние како ПДП поддржуваме да продолжи мисијата со една единица на Армијата на Република Македонија и со други единици или пак друг персонал, помошен персонал во Ирак, како што реков претходно, посакувајќи полека - полека да се смири ситуацијата таму и дека ќе се постигне она што е идеална цел, наша и на целата антитерористичка коалиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, министре, почитувани пратеници,

Од она што имавме прилика да го слушнеме во претходните дискусии, може да се констатира дека дел од опозицијата се изјасни против поддршката на една ваква одлука, а за другиот дел сеуште не се изјасни, односно сеуште дискусиите се најасни и колебливи.

Јас би сакал јасно да ги образложам причините поради кои сметам дека Република Македонија треба да донесе една ваква одлука, се разбира, при тоа имајќи ги предив сите предности и сите можни опасности.

Веднаш на почетокот мислам дека е потребно да се нагласи, покрај тоа што сметаме дека треба безрезервно и во што поголем обем едногласно да се поддржи ваквата одлука на Владата, сепак реално постои ризик и одредени опасности кои, со оглед на моменталната ситуација во Ирак, постојат. Меѓутоа, веднаш се поставува прашањето кој е полтичко - маневарскиот простор на Република Македонија во една ваква ситуација. Затоа, да претпоставиме дека сме веќе полноправна членка на НАТО. Тогаш би го поставил прашањето, дали на овој начин би дебатирале и дали би дебатирале за тоа дли  треба да испратиме наши единици некаде. Тоа, се разбира е дел од нашит обврски и наша должност и нема бегање од тоа, кога сме се нафатиле за една работа каква што е нашат желба да станаме наскоро полноправна членка на НАТО. Едноставно, сите треба да сфатиме дека треба да се прилагодиме на новите околности, дека не можеме да се однесуваме комотно и несериозно и неодговорно кон нашите обврски како држава. Ние секогаш мораме да имаме јасна позиција и јасен концепт за тоа кој чекори ги правиме и на која политичка опција работиме и со оглед на тоа која ни е крајната цел која сакаме дас ја постигнеме.

Една организација како што е НАТО има свои правила на однесување, а тие правила не ги определуваме ние ниту било која држава, па макар таа била и членка н НАТО, самат поединечно и самостојно.

Исто така, бидејќи генерална стратешка определба, буквално на сите политички партии во Република Македонија и оние кои денес беа колебливи и нејасни и оние кои се изјаснија против, е нашето скоро зачленување во НАТО, а и официјална определба на Република Македонија, што сме ја прокламирале како држава е тоа. Ние мораме да разбереме дека сите треба да ги почитуваме, исполнуваме и спроведуваме правилата, критериумите и стандардит на НАТО - алијансата. На крајот на краиштата никој не не тера со сила, никој не ни бара, тоа е наша желба и ние мораме да работиме на тоа. Во спротивно сме противречни, контрадикторни самите на себе и изгледаме несериозно и смешни во очите на меѓународната заедница, иако прифаќам дека секоја ваква дебата е корисна, каде треба да се разменат и на јавноста да и се понудат аргументие и образложенијата.

Сите ние сме свесни за ризикот и случувањата во Ирак.

Прво не се точни тврдењата дека во Ирак се води класична војна, па дека оваа мисија нема третман на мировна, туку на воена. Знаеме дека секаде постојат ризици од најразлични видови, па дури и во хуманитарни мисии, а исто така знаеме, факт е дека ние таму испраќаме војници, а не дипломати.

Второ, повторно да претпотавиме дека сем полноравна членка на НАТО, за што, се разбира сите се декларираме и тогаш би го поставил прашањето, дали во една таква иднина, во таква ситуација нема да се појават повторно потреби од учество во некои други видови на мисии и во некои други земји, во некои други околности, во мисии од друг карактер и дали тогаш повторно, вака нејасно, колебливо, односно срамежливо ќе се однесуваме, а имајќи ја предвид целта која ни е поставена. Тогаш исто така треба да се запрашаме дали треба да се однесуваме онак како што само нам ни одговара, и каква ќе биде во тој случај нашата меѓународна позиција и нашиот меѓународен углед пред нашите сојузници. Едноставно, дали ние воопшто ги знаеме и дали сме свесни за нашите обврски и одговорности кои произлегувата од членството во НАТО, дали ние знаеме дека од тоа не произлегуваат само права, туку еден куп обврски и што е најважно предизвици и дали сме подготвени истите предизвици да ги преземеме и истите обврски да ги почитуваме.

Не се сомневам дека имаме голем потенцијал во кадар. Впрочем тоа се потврди на најдобар можен начин и за време на првата мисија со испраќањето на контингент на нашите војници и старешини кои успешно и професионално ги извршуваат своите задачи. Зарем во една ваква ситуација воопшто треба да имаме дилема дека ќе дозволиме да се повлечеме и попусто да падне во вода сиот наш

труд, посебно трудот на Министерството за одбрана кое Министерство убедливо најдобро и најдалеку стигна со спроведување на реформите, за што доби и највисоки оценки на последната седба на министри во Загрев. Впрочем, пораките беа дека во некои делови во реформите на Армијата сме дури и пред Хрватска.

Наспроти сите реални ризици и опасности кои постојат и се огромни во вакви операции мора посебно да се истакнат и придобивките, поените и подршката што ја добиваме од клучнитев членки на НАТО за нашата апликација, што може да се покаже како пресудно во тој процес. Со тоа истовремено искажуваме и способност, што многу битно, како држава да се носиме со сите предизвици и да бидеме активен учесник во меѓународните акции на антитерористичката коалиција во светот, а посебно после последните терористички напади во светот и посебно после се поголемата поддршка и формално правна, од страна на ООН, на операцијата “Слобода за Ирак”.

Исто така, со оваа мисија истовремено ни се испраќа силен политички сигнал дека безбедносната ситуација во Република Македонија е значително подобрена и дека Република Македонија може самата да се грижи затоа. Токму затоа, почитувани пратеници, треба да ги валоризираме сит аргументи и сите моменти кои ни одат во прилог за НАТО интеграцијата, за тој процес, која е веќе видлива и извесна. Затоа треба да се подржи оваа одлука на Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, вие имате реплика или се јавивте за збор?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ќе се јавам за збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро.

Сега е на ред господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Денес сме исправени пред предизвикот за да одлучиме да се подржи или да не се подржи предлогот за испраќање единици на вооружените сили на Република Македонија во изградба или подршка на мирот во Ирак, како продолжение на претходната одлука донесена пред шест месеци, во правец на она што значи поддршка на ангажирањето на коалиционите сили во враќањето на мирот

и изградба на демократијата во Ирак. Во тој правец, несакам да се занимавам со коментари и ставови што ги кажаа колегие претходно тука, но ќе се определам за она што значи мој личен став и во тој правец и став на ДУИ.

На самиот почеток сакам да кажам дека овој парламентарен состав во својата долгогодишна работа во правец на подржување на иницијативи и активности предводени од САД и нивните коалициони партнери, а особено во поддршка на кациите за Авганистан и Ирак, ние како парламентарен состав на многу јасен начин имавме став дека треба да се подржат тие активности и сеуште ги подржуваме тие активности. Досега во овој правец ја подржавме одлуката за ангажирање на дел од вооружените сили на Република Македонија во Авганистан и на дел од вооружените сили на Република Македонија во Ирак. Поддржавме и одлука и барање на САД за неиспрашање на граѓани на САД пред Меѓународниот кривичен суд. И од сите државни истанци е подржан и ние како Парламент го подржавме ангажирањето на САД во Ирак. Во тој правец не гледам причина и оваа одлука што ја имаме пред нас да не се поддржи на ист начин, како што ги подржавме и претходните одлуки што ги спомнав.

Дилемата која што се открива и така како што се гледа од оној агол на гледање на оние што ја откриваат оваа работа, тоа се дневни дилеми кои важат од денес до утре.

Во изградбата на имицот на парламентарната демократија, ние се соочивме и се наоѓаме пред предизвици дали ќе имаме парламентарна сила, процесите што се случуваат околу нас и пред нас, да можеме да ги предвидиме во среднорочен или долгорочен рок. Во тој правец јас сум убеден дека нашата одлука, евентуално позитивна, за оваа одлука на Владата нема да биде на еден крив пат, туку мислам дека тоа ќе биде долгорочно, особено кога го имаме предвид нашето определување за соработка меѓусебна, со САД, наши концептуални определби со националната концепција, претходно усвоена токму од овој парламент, за зачленување во НАТО и Европската унија, особено со оние концептуални определби за наше безрезервно учество во активности, меѓународни, регионални и пошироко.

Сакам да кажам дека јас и од името на парламентарната група на ДУИ ќе ја поддржиме одлуката за испраќање единица на вооружените сили на Република Македонија во Ирак со желба на претходниот контингент да им изразиме јавна благодарност за децидната работа што ја претставуваа Република Македонија со желба дека многу брзо ќе се вратат во своите семејства и ќе продолжат да го презентираат тоа што го презентираа до денеска со желба идниот контингент со ист

успех, а зошто и не со поголем успех да го претставуваат тоа што значи нова вредност во Република Македонија.

Во оваа насока и со претходните измени што се направени со Законот за служење во Армијата на Република Македонија, мислам дека во РМ се гради нова вредност во цивилниот рапорт и мислам дека на крајот на краиштата потребно е позицијата на оние што решиле во овие мисии, на овие задачи, што се решиле да се жртвуваат, дека е тоа нешто што прави еден придонес за државата и мислам дека за нас нема никаква дилема, ние ќе ја поддржиме одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во Ирак.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Џафери.

Збор има пратеникот Ружди Матоши, а по него е пратеникот Слободан Чашуле.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседателе.

За оваа одлука на Владата за испраќање на една единица на Република Македонија за учество  во мировна операција во Ирак, ДПА ќе биде начелна, принципиелна во овој правец и ние ќе ја поддржиме оваа одлука. Го поддржавме и претходниот контингент испратен пред 6 месеци и констатиравме дека е еден добар стратегиски потег на Република Македонија што учествуваме во инсталирањето на демократијата и на стандардите во Ирак.

Овие мисии се хуманитарни мисии и со добра намера и ние сме сведоци на времето на западните мисии кои ги имаше на Балканот дека сите овие мисии имаа за цел мир, инсталирање на демократија во овие држави и истовремено овие мисии, како што е мисијата во Ирак, ја има истата цел.

Затоа уште еднаш потврдувам поддршка од парламентарната група на ДПА во испраќањето на овој контингент. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Матоши.

Збор има господинот Чашуле, а по него е пратеникот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господине претседателе, почитуван господине министер, колеги, пријатели, дами и господа,

Еве неколку часа се расправаме околу една, за мене, извонредно важно не само принципиелно, туку витално прашање, а ги забораваме тие заради кои сето ова го правиме.

Дозволете ми на самиот почеток да направам една мала дигресија, бидејќи пред 6 месеци се залагав да застанеме зад нив, го изгласавме нивното испраќање во мировна операција, да им се заблагодарам на високата ефикасност на сите 29 претставници на нашата држава во Алијансата против тероризмот.

Да заклучам врз основа на фактот дека се враќаат неповредени, дека се високи професионалци кои знаеле да си ја вршат задачата за која се испратени таму и кон ова да додадам една импресија што ја носам со себе од неодамнешната седница на Парламентарното Собрание на НАТО во која јас имам чест заедно со уште двајца колеги да го застапувам Парламентот на РМ, нивните перформанси таму се оценети на највисоко можно ниво.

Им честитам и им пожелувам едно срдечно добредојде назад во татковината.

Господине претседателе, почитувани колеги, господине министре, изгледа многу тешко учиме лекции кои би требало изворно да произлегуваат од прво, нашиот карактер на луѓе што се зафатиле со политиката и потоа како луѓе кои добиле мандат да имаат решавачка улога во носењето на витални политички одлуки. Затоа, без намера да се свати дека еве сум подзаборавил со возраста, па се повторувам, намерно ќе повторам една теза од моето претходно излагање пред шест месеци.

Ние праќаме војска, дел од Армијата на Република Македонија, војници во коалиција која се бори против тероризмот. Ние не ги праќаме таму за да дојде некој да не чукне по рамото, да не пофали или да учествуваме во парадата, туку одиме таму да ги браниме виталните интереси на оваа држава. Одиме таму затоа што мора Република Македонија да биде во антитерористичката коалиција.

Во светот е започнат конфликт на две цивилизации. Тешко е да се каже две цивилизации заради тоа што очигледно огромното мнозинство луѓе кои се раководат од вредностите на тие две култури не се за војна, но постои една милитантна структура која постојано не турка во тој конфликт и ние веќе живееме нешто што би можело да се нарезче прва светска војна на овој век или трета, ако ги броиме двете од претходниот, тоа е на демократијата против теророт. Ние неможеме да седиме на страна од овој конфликт, да чекаме тој да дојде кај нас, а ене го во Истанбул е дојден, заканите кон Софија се јасни, заканите кон Атина се јасни. Не заборавајте дека еден ваков наплив дојде до Виена, откако претходно не опустоши сите нас во

својот завојувачки наплив. Битно се разликуваат и не е убаво човек да темели денешни одлуки врз аналогија и немам намера со ова никого да го ставам во ваква или онаква историска перспектива, туку да предупредам дека ние мора на секој фронт каде што како напаѓач ќе се појават силите кои не загрозуваа, не загрозуваат и ќе не загрозуваат треба да бидеме таму.

Не сум убеден дека во Истанбул догодина на Самитот на НАТО ќе добиеме директна покана да влеземе таму.  Би сакал да биде така и ќе сторам се како пратеник, а и вие претпоставувам и целата наша јавност, да биде така. Незнам дали ќе влеземе 2006 година во НАТО. Но, НАТО е наш приоритет, а ние не пративме војници  таму за да ги заслужиме овие доблести, овие доблести ќе ги заслужиме ако сме конзистентни, ако се држиме кон принципите и ако се бориме кога е најтешко волку мал да се бориш, за принципите кои ја раководат таа иста Европа и тој ист НАТО, а тоа се слобода, демократија, просперитет и почитување на другиот. Најважно од се непримена на насилството во политички или било какви други цели.

Се гради еден нов поредок и јас неможам да прифатам повторно да бидеме оаза која ќе експлодира во лицето на светот ама прво нам ќе ни експлодира и да исчекуваме како невина амеба светот да се преуреди, а ние да седиме на страна епа зошто ова се кршело со овој или оној принцип, тоа се принципи на едно време за кое се надевам дека ќе помине, тие принципи ќе бидат надоградени со други, но за мене е еден елементарен, а тоа е одбраната на мојата татковина и ако таа се брани во Ирак, јас сум за тоа да ја браниме таму.

Затоа господине Кондарко барем јас немам дилеми, а верувам и многу припадници на опозицијата немаат дилеми што се однесува до овој крупен корпус на принципиелни прашања поради кои гласавме пред шест месеци за.

Работата сега која е многу тешка и која нам овде ни припаѓа како обврска, а одевме на избори за да ја добиеме таа обврска, па од неа нема бегање, е како ќе го направиме сето тоа.

Прво, мислам дека треба од овде да се елиминира фактот дека се што правиме го правиме за да бидеме блиски до овој или оној, го правиме да бидеме блиски до нашиот народ, до граѓаните на оваа држава кој сака политичка стабилност, сака безбедност, сака економски развој, сака просперитет и сакаат да знаат дека децата нема да им носат униформи, туку ќе живеат слободно и ќе комуницираат со Европа, бидејќи ќе создаваат нејзини вредности.

Значи се што правиме го правиме заради нас. Ако притоа водиме сметка и бидеме вешти и умни да сватиме, како што господинот Андов овде убаво кажа дека

има концииденција на македонски интереси и нивната проекција во Европа и преку Европа до САД. Добро, јас мислам дека е тоа една дополнителна причина зошто треба да учествуваме дотолку повеќе што ЕУ полека доаѓа до сознанија дека и таа ќе мора наскоро да се соочи со лавината која доаѓа до неа, па оттаму едногласноста во Советот за безбедност, а не заборавајте пред десетин месеци во тој Совет за безбедност имавме една од најтешките блокади на Светската организација кога една, па друга, па трета постојана членка изразуваше резерви. Сега се сите едногласни зошто, заради тоа што ова веќе не е сега да се собори Садам Хусеин, заради тоа што еден американски претседател тоа го сака или само заради тоа што треба некој да легне на извориштето на нафтата, туку заради тоа што се отвори една Пандорина кутија и сега не можеме да се извлечеме од неа и да речеме чекајте ќе не бомбардираат, па дајте да се тргнеме.

Ако не го запреме овој процес тргнале нетргнале ќе не бомбардираат, бидете убедени, не бидете наивни.

Според тоа, треба да решиме како што чувствуваме дека ни го дале мандатот нашите граѓани за кого работиме. Не работиме ниту за Џорџ Буш ниту за господинот Проди. Работиме за човекот на улица што ќе го сретнеме кога ќе излеземе од оваа зграда и тој ни рекол водете сметка за мене, а јас мислам, а вие убедете ме дека не сум во право, дека ако се држиме принципиелно и ако ја браниме нашата држава пред да ни дојде злото тука, ќе бидеме многу поефикасни отколку утре седејќи мирно, чекајќи да ни се струполи кровот кој и онака ни стои на климави нозе, ќе мораме да облечеме униформа  и дома да се браниме од врагот кој нема да запре ако не биде ефикасно елиминиран.

Во овој процес ќе треба да поведеме сметка за три работи. Најсуштествената од сите е нашиот Устав. Ние имаме Устав кој ни става многу јасна рамка како да дејствуваме во вакви ситуации. За мене нема дилема дека треба да дејствуваме. Дилемите можат да произлезат и не сакам да има конфузии заради начинот како да се откажеме од тоа да правиме нешто. Затоа треба да направиме таква структура слична на онаа на Германија или слична на онаа на Јапонија кои исто така имаат прецизни уставни рамки како можат да учествуваат во светот. И ние, бидејќи еднаш Уставот ни беше изложен на наддавање предизвикано со примена на насилство во политички цели не смееме заради наш овде погрешен чекор во реализацијата како да го изложиме Уставот на уште една, овој пат изнудена ревизија, затоа што немаме ниту уставно ниту политичко ткиво повеќе да издржиме самонаметнат удар од тој карактер. Значи, треба да видиме што праќаме и повторно сакам да потсетам ние

имаме СОФА аранжман со Кувајт, се знае што треба нашите сили да прават таму, се знае како тоа треба да го прават. До сега очигледно го прават на начин кој не е во колизија, инаку ќе добиевме сигнали и да беше во колизија најверојатно ќе добиевме многу трауматични и трагични сигнали.

Господине министре оттаму мојата заложба ќе биде ако сакате да ја имате нашата поддршка на ист начин на кој разбунтуваните лабуристи ги подржаа британските војници иако имаа забелешки на Британската Влада, бидејќи ја поддржува Британија, а не господинот Блер, тогаш ќе мора строго да водите сметка како ќе бидат употребени нашите војници во Кувајт и нашите војници ако учествуваат во каков и да е облик на акции кои не се во согласност со нашиот устав. Тоа не е тешко да се направи, одговорноста е секако ваша, бидејќи вие ја извршувате таа функција со мандатот на граѓаните кои гласаа за политичката опција која ве постави за министер.

Понатаму, ние не треба да заборавиме дека во тој процес имено, зараи позиционирањето дали ако бидеме таму ќе не примат во НАТО или ако не бидеме таму нема да не примат во НАТО да заборавиме три други суштествени работи, а тоа е без реформа овде дома исполнување на Акциониот план без европско законодавство и хармонизација со европското законодавство и без темелна реформа на нашата економија која е во фаза на многу сериозно пропаѓање, ние нема да отидеме никаде, никаде и да пратиме цела АРМ во Ирак. И незнам колку да бидеме вешти да се додворуваме во Брисел, ние треба да покажеме перформанси.

Оттаму, моите заложби ќе бидат ова да биде само една минимална перформанса која ја правиме прво оти ни треба нам, а потоа оти ќе ни помогне да оствариме еден приоритет, тоа е влегувањето во НАТО за да оствариме друг приоритет, тоа е влегувањето во ЕУ. Но, целта на оваа наша држава, на оваа наша политика, на сите нас треба да биде да обезбедиме политички стбилна, безбедна, економски просперитетна држава.

Еве го колегата Есад Рахиќ дојде, пред малку правевме муабет во бифето, ми спомна нешто што можам да кажм дека покрај сите овие мои принципи кои не морате да ги прифатите емотивно ме тера да гласам вака, јас не знам дека сме се повлекле од било која ситуација слична на оваа од војна само заради тоа што сме се исплашиле. Од 27 март 1941 година до ден денешен сме биле на вистинската страна, не гледам зошто сега би се плашеле. Зошто би се плашеле сега да се истргнеме од коалицијата која стои на страната на демократијата против сите

ретроградни облици на употреба на насилството во политички, завојувачки и други цели.

Оттаму, нека биде една моја минимална согласност со пратеничката група на СДСМ, но јас ќе гласам за оваа одлука. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Чашуле.

На ред е пратеникот Слободан Даневски, но бидејќи ми најавивте дека ќе бидете подолг, незаборавајте дека ќе правам пауза во 13,00 часот, имаме некои обврски.

Значи пратеникот Слободан Даневски, а по него по паузата пратенкот Никола Апостоловски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господине министер,

Ова прашање е сензибилно и побудува едно чувство на размислување затоа што нема да се впуштам во оценки на пратениците или пратеничките групи кој какво свое размислување и видување по ова прашање има, јас би се фокусирал на тоа дека недвосмислено скоро сите граѓани, па политички партии се да се вклопиме во она што значи зло  на човештвото, тоа е тероризмот и ние сме членови на антитерористичката коалиција. Нема потреба тука да се двоиме затоа што и ние припаѓаме во ова семејство, во оваа фамилија.

Но, она што се слуша деновиве, она што се слушаат гласини сигурно ќе прифатиме и тоа, бидејќи доаѓа како готов предлог од Владата затоа што по медиумите слушаме дека тоа е сопствена желба на војниците да одат на сопствен ризик, сигурно дека не држи тезата ако не одат нашите мировни сили таму иако сите сме на оценка дека се симболични, што значи дека симболиките  се малку колку ќе придонесат сигурно дека пречи и ја буни јавноста и пратениците дека НАТО силите не се главните во Ирак, туку тоа се мултинационални сили

Тука имаше кажување или некој не ги разбрал работите или сакаше да ми предочи дека ова директно нас не поврзува со влегувањето или ќе ја добиеме или сме членки на НАТО, што од далеку не сме, ние дали ќе ја добиеме поканата 2004 година во Истанбул е големо прашање, ќе дискутираме кога времето ќе дојде, а ние како членки или не членки или идни членки немаме никаква обврска со делот на она што значи НАТО.

Како да ги мистифицираме овие прашања, да ги расчистиме работите. Она друго што стои како една закана, како опасност е тоа што слушаме и деновиве и

Вашинктон Пост, па и сите наши соседи што не опкружуваат дека се најавуваат закани од Алкаеда. Сигурно дека она што се случи на 11 септември, го промени светот. Сигурно никој не сакаше да се случи, но со самото тоа што најголемата држава, најбезбедната, најјаката е ранлива, стои дека целото човештво е во војна. Во војна со тероризмот. И незнам кои сили да испратат САД, па и Европа и НАТО, тероризмот не можат да го искоренат. Тоа е недефинирана филозофија, тероризмот е секој поединец и опасност насекаде на секоја точка на Континентот.

Од овие причини, мојата дискусија ќе ја упатам дали ние нема да направиме правокација, дали ние нема да ј апровоцираме Елкаеда. Дали нашите безбедносни сили имаат стратегија, имаат визија во случај да се дигне борбената готовност, почнувајки воено-полициските сили да се НАТО и не воен режим туку како соседна Грција, Албанија, Бугарија, затоа што она што се случи беа казнети дел од мировните сили кои учествуваа во Ирак, затоа што во моментот е видо изменета состојбата и се сменети ситуациите. Сега е друга ситуацијата, отколку тоа што беше планирано. Така да, да кажеме соседна Албанија, јавно призна нивниот директор на Албанската тајна служба дека бил под притисок на ЦИА дека некаде од 1996 до 1997 година претстојувал лично Бил Ладен во Албанија, дека се направени ќелии кои треба да дејствуваат по потреба. Ние припаѓаме на овој балкан, дали ние не ја провоцираме судбината. Како кажуваат сега најновите информации во Босна постојат цели села во кои се обучувани терористи. Во случај на недај Боже ќе бидат ангажирани да ја дестабилизираат не само Република Македонија туку и цела Европа. Бугарија кко соседна земја воведува посебен режим на безбедност. Ова го зборувам од тие причини што еве многу граѓани се прашуваат што се случува нашата полиција да ја обезбедува Зирад банка во центарот на Скопје. Еве на нашиот Аеродром ние месец дена немаме директор на Скопскиот Аеродром. Дали се поведува некоја мерка, дали има стратегија, дали има визија посебно Министерството за одбрана, посебно Министерството за внатрешни работи. Дали не се размислува за можните последици. Сигурно дел од пратениците сме стратешки партнери на САД. Никој нема во оваа држава против САД и да не се добие впечаток дека ако во моментот пратеник или пратеничка група ценат дека не е моментот, големината на тоа е да се направи повлекување, да се направи анализа. Не може ние тука да ги правиме анализите од пишување од медиумите и од штурото излагање на министерот да донесеме заклучоци дека тоа е најдоброто во дадениот момент. Ќе видиме, времето покажува. Она што се случи на Бали, дирекно беа казнети австралијанците. Она што се случи со италијанските војници, италијанските

војници беа казнети во Ирак. Она што се случи во Истанбул беа дирекно бомбите наменети на Велика Британија и на Турција затоа што и самата Турција референраше. Иако е членка на НАТ, иако даде согласност иако имаше намера да прати свои сили. Се повлече во дадениот момент затоа што направи проценка дека се случуваат некоивидни промени. Сигурно дека ни Јапонија не направила погрешна проценка, затоа што ги повлекува своит евојници , своите сили и многу други држави во Европа размислуваат дали да ги пратат своите сили. Тие не се откажуваат од тоа дека се во големата фамилија на антитерористичката коалиција. Сигурно тие учествуваат и партиципираат многу повеќе од една мала Македонија, што не значи дека ако тие дадат некое свое видување и посебен пристап према ова прашање, кое го засега целиот свет, целото човештво, нема да бидат најдени на критики ни случајно. Тука ние се доведуваме дел на пратеници да ни држат лекции, дури не знаат ни што е НАТО ни како ќе биде, ни држат лекции. Далеку сме ние од НАТО. Далеку сме од она апликација што тука слушаме само некое видување, кажуваме ќе аплицираме. Но што ако аплицираме. И што, ќе бидеме примени во големата фамилија на европското семејство. Таму постојат принципи. Временски принципи и критериуми кои Македонија треба да ги исполни. Не е тоа дали ние сакаме или не сакаме. Туку тоа е круг на богато друштво. Таму постојат посебни репери, посебни услови треба да се исполнат. Ние ќе ги обвинуваме, да , ние сме против апликација во Европа затоа што ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски држете се за темата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас не знам за каде да се држиме г-дине претседателе. Ако мислите дека ова не е прашање што не тангира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе продолжите или ќе завршите.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Некој тука ни држи лекција за воени прашања, а не бил ни во војска. Тоа се нонсенс. Да прекинеме со такви работи. Вие ќе инсистирате да не ја отвараме темата. Нека одат во Ирак па нека видат како е тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Даневски. Имаме уште 9 минути. Не знам дали г-динот Тито Петковски ќе може ли за 9 минути да го каже своето експозе. По г-динот Петковски е г-динот Ѓорѓи Трендафилов, и тој ќе биде по паузата.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседател, господа министри, почитувани колеги,

Земав збор во оваа расправа со единствена цел да потвлечам на две многу битни работи. Се изнесоа тукамногу аргументи и за и против, а според она што досега го слушавме, доминираше определбата дека треба да се подржи одлуката, ако заради ништо дуго, како што рече г-динот Чашуле да испаднеме мажи до крај, да си го задржиме зборот, ако сме влегле во некоја игра барем да ја доиграме до крај, како што вели нашиот народ: “тешко е да се фатите во оро, а уште потешко е да се пуштите”. Претпоставувам дека побудува интерес кај нашите граѓани, отаму и толку голем интерес кај пратениците и добро е тоа што го правиме на транспарентен начин. Мојата заложба е за вакви суштествени работи за вакви сензитивни и многу чувствителни одлуки што ги носи Собранието многу отворено и да поразговараме, онака како што доликув ана еден повеќепартиски Парламент и ние тоа го правиме сега. И мислам дека тоа е богатството на идеи и ставови различни, конечно може да доведе до една одлука, која заеднички ќе ја почитуваме. Значи да правиме нешто што ќе биде во интерес на Македонија.

Првата поента што сакав да ја кажам, Република Македонија при донесувањето на вакви одлуки, кои што имаат меѓународно значење, но кои пред се, имаат позитивно или негативно влијание за Република Македонија , јас предлагам да ги носиме со некој политички консензус, во смисла да не се натпреваруваме кој од нас повеќе е загрижен за тоа дали Македонија ќе влезе во НАТО и во Европската Унија. Тоа е интерес на сите политички партии. Тука разлика нема. Има разлика само околу патот како да дојдеме до остварување на тие цели. Значи нашиот стратешки интерес на сит еполитички претставници овде, на граѓаните е Макеоднија да влезе во НАТО и да биде членка на ЕУ. Треба да направиме соодветна стратегија и тактика како да дојдеме до остварувањето на тие цели. Сега кога носиме една конкретна одлука за праќање на уште еден контигент, бидејки на еднииот што досега го пративме на војниците им истече мандатот, а треба да ја гледаме таа одлука низ призма на овој наш интерес, дали сме поблиску до целта на НАТО и ЕУ, или сме подалеку.

Лично мислам, после она што се случи, објективно никој не го негира фактот во оваа земја, верувам и во овој Парламент, многу повеќе изгинаа американци и други војници по завршувањето по 4 мај на војната отколку за време на воените операции. Но тоа е цената на отворената борба против глобалниот тероризам како светско зло.

Сега Македонија ако се  сврсти во кругот на државите кои што влегоа во борбата против светскито тероризам на глобален план, претпоставувам дека сме се сврстиле на вистинската страна, тогаш ког асе одлучивме како држава да пратиме војници. Сега дали ќе треба да се повлечеме под заканата на она што Алкаеда и она што два тројца колеги го кажаа, дека ќе треба да се преиспитаме. И јас сум за тоа, максимално, отворено да ги испитаме сите услови. Но сум против тоа, затоа што Алкаеда се заканува дека тие што ќе продолжат да се борат против тероризмот ќе бидат мета на нивните напади, мислам дека најлошото што може да го направиме е практично, да си ја завршиме сами работата да се исплашиме пред евентуалната најава за можни такви напади. Тоа сметам дека е уште една  отстапка против тероризмот како глобално зло. И не треба да се откажеме од повисок степен на безбедност, многу повисок степен на претпазливост, на обезбедување, како што го чинат сите држави, но во никој случај не треба да се исплашиме пред заканите, бидејки со тоа половина работата си ја завршивме. Ако ние потклекнеме пред такви закани , бидете сигурни дека целта ја постигнале тие, бидејки впрочем, тоа им е и целта да амортизираат било какви иницијативи против тоа големо зло што се нарекува светски тероризам.

Второ, што мислам дека е многу суштествено за нас, нашите војници кои што се сега во Ирак и оние кои што ќе дојдат дали ќе бидат на висината на задачата, доколку ние имаме политичка подршка на сите пратенички групи и на сите членови на Парламентот, бидејки тие таму не се бирани по политичка припадност. Бирани се по способност, физичка, психофизичка подготвеност и пред се, одат таму со македонското знаме и ги бранат условно речено боите и на антиерористичката коалиција, меѓутоа и на  Република Македонија . Тие се членови на ВМРО и на СДСМ и на ДУИ, или нема да бидат членови на ниту една политичка партија. Меѓутоа, тие се војници на  Република Македонија. За нив би било многу подобро , бидете сигурни и нивната положба ќе ја  олесниме до колку ние имаме консензус околу таа работа. Доколку постигнеме консензус во овој момент дека тие треба да се подржат. Значи за две работи инсистирам, да се убедиме околу тоа дали стратегијата, тактиката на  Република Македонија  за учество на уште еден контингент води во функција на нашето побрзо зачленвуање во НАТО и Европската Унија.

На првото прашање ќе одговорам позитивно, бидејки не кријам, тоа јавно сум го говорел и го пишува, главниот фактор што одлучува дали ќе бидеме членка на НАТО се САД. Ние не треба да бидеме полтрони , не треба да бидеме срвилни,

меѓутоа, треба да си ја браниме нашата позиција. А таа се гради постапно, полека, камче по камче. Меѓународната позиција на Република Македонија го прави тој мозаик дали сме способни или не сме способни да бидеме членки на НАТО. Дефинитивно ако сакате, еве погледнете наназад оние држави кои сега се најблиску до НАТО , тие ја имаат политичката согласност на САД пред се, па после на земјите членки на ЕУ.

Значи, главниот фактор што одлучува сепак размислува политички и носи политички одлуки. Тие со ништо не се пред нас. Ниту Румунија, ниту Бугарија не се пред нас, па ако сакате по реформи, економски развој и по сите други параметри што треба една земја да ги исполнува меѓутоа, еве аплицираат на нас и веќе се членови, отворени им се вратите на НАТО и на ЕУ. Тоа не е ништо друго, туку политички став на САД.

Второ, јас исто така сум за тоа кога ја градиме нашата меѓународна позиција, да внимаваме сами што ги носиме одлуките. Овдека е кажано исто така отворено дека политичките ставови што ги носат големите сили, можат да се менуваат. Но нашата стратегија не смееме да ја менуваме, за да можеме да стасаме до целта.

Што сакам да кажам? Кога расправаше овој Парламент за иземањето на американците односно на американсктие граѓани од Меѓународниот кривичен суд, мислам дека мнозинството пратеници овдека одлучија, го имаа во вид и политичкиот став на САД, дека земјите кои што нема да ја пдоржат таа одлука, дека нема да добијат финансиска помош за реформа на нивните армии. Како што гледате, тој став се промени. Сега САД го променија ставот и веќе го нема тоа ембарго кон Бугарија, Романија и другите земји кои што не го ратификуваа договорот, дури тие и најавија и Бугарија и Романија дека ќе го ратификуваат договорт за иземањето на американските граѓани од Меѓународниот кривичен суд меѓутоа, кога видоа како се развиваа настаните подоцна, само Македонија и Албанија излегоа на парламентите и го ратификуваа договорот. Значи САД како што гледате сега веќе се повлекоа, го променија ставот и велат ќе им помогнеме и на Бугарија и на Романија и т.н. Значи политичкиот став може да се менува. Меутоа, стратегијата на една земја, како што е Македонија немале многу шанса да ја менуваме , а да бидеме еквилибристи. Ние мораме да имаме јасна позиција да си ја браниме постојано и достојно, бидејки останавме единствената земја на географската карта ако сакате на светот оја што сеуште има недефинирано име, недефинирани граници и на спор околу јазикот и на спор околу својата црква и т.н. Значи, мора да имаме јасна транспарентна политика која што ќе ја гради нашата меѓународна позиција во функција на обезбедувањето

на тие две цели. НАТО и Европската Унија. Со оваа одлука мислам дека нашиот став само го зајакнуваме и нашата позиција на меѓународен план ја зацврстуваме и мислам дека со позитивна одлука сме поблиску до остварувањето на овие две цели. Багодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки навистина сега имам средба, репликата ќе биде по паузата. Сега објавувам пауза од еден час. Следните говорници се Ѓорѓи Трендафилов и Благој Голомејов.

Почнуваме точно во 14,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

(по паузата)

Да продолжиме со работа.

Збор има пратеникот Ѓорѓи Трендафилов а нека се подготви пратеникот Благој Голоемов. Во меѓувфреме, забворавив дека се јави г. Даневски и има реплика на г. Петковски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Мојата реплика е во контекст на тоа што, не дали ние како држава се плашиме од Алкаеда, моето укажување беше во контекст на тоа дека дали ние како држава сме спремни. Моето денешно е да се спротиставиме, затоа Да не испаднешто сите држави веќе направија некои подготовки и мислам дека во тој контекст беше моето укажување како на полицијата, така на Министерството за одбрана. А, она другото дали ние како партија сме погрешиле, мислам на ЛП што не гласавме за екстрадицијата, дали сме погрешилен незна, ќе каже времето Да не испадне како она што се случи сега само останавме ние и Република Албанија. Мислам дека сме во право и континуитет го држиме курсот кон ЕЗ и ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Тито Петковси на контра реплика, една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Да, заради прецизност јас во својата дискусија воопшто не реков дека греши Либералната партија со ваков став. Јас само замолив ако вакво прашање, заради нашите амбиции ако можеме да постигнеме консензус, ништо друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г.Трендафилоф.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас можам во голема мера да се согласам со она што го зборуваше г. Петковски, особено што сметам дека зборува од позиција како претседател на Комисијата за одбрана и безбеност и се согласува дека не е добро Република Македонија, така брзо да ги менува ставовите, особено кога учества во операции кои имаат и поширок значење. Значи, не само регионално или врзано за југоисточна Еврпа.

Она што во излагањето на министерот за одбрана за жал, несомнено ни остави одредена доза на хипокризија, верувам дека тоа не се должи на Министерството за одбрана и на тимовите кои работат во Минстерството за одбрана, особено во поглед на реорганизацијата на македонските вооружени сили, мислам дека пред се се должи на своевидниот хаос или отсуството на било каков концепт, пред се во нашата надворешна политика. Ако она што го кажа министерот за одбрана дека оваа операција несомнено ќе не доближи до зачленување во алијансата, ако го гледаме од аспект на посетата на претседателот на Македонската Влада г. Црвенковски, се плашам дека како и самата посета, барем нашата македонската јавност досега од таа посета единствено што е врежано во сеќавањето е дека г. Црвенковски таму е печатна грешка. Се согласувам само со вториот дел од контатацијата на министерот за одбрана дека во поглед на искуството, нашиот офицерски и подофицерски и воопшто воениот кадар, секако дека ќе постигне одредени искуства, кои потоа ќе може да ги искористи. Но, за жал, кога зборувам дека мотивите оставаат доза на хипокризија, тоа е пред се, затоа што таму македонските војници учествуваат во операција која треба да донесе мир и слобода на целата територија на Република Ирак. Надворешната политика, за жал не оди во чекор со внатрешната стабилност или воопшто со внатрешната политиак на Република Македонија, а за тоа најдобро можат да кажат нашите сограѓани, нашите сонародници од Матејче од Арачиново или од Теарце. Токму тука ја гледам таа хипокризија во мотивите зошто Министерството за одбрана, сепак, како ресорно министерство, за жал, ја има таа улога да го соопшти она што неумее да го соопшти Македонската дипломатија односно дека таа едноставно нема концепт каде е Република Македонија, т.е. како Република Македонија, треба да се доближи до меѓународните организации кон кои како претставници на политички партии на македонската политичка сцена, верувам дека постои концензус. Отсуството на концептот, отсуството на нашата надворешна политика која е носител на тие обиди на Република Македонија, да се зачлени, за жал, не им помага на ресорните

министерства кои како составен дел од тој поширок концепт, корпус на обврски кој како земја треба да ги исполниме, едноставно не умеат да ги следат. Мислам дека  на внатрешен политички план Република Македонија, барем оваа декларација која се обидува на надворешен план да покаже, треба си има поголема доза на сериозност и одговорност да го прави на територијата на Република Македонија. Апсолутно е недозволиво повеќе од шест месеци, кога Собранието расправаше за  испраќање на македонските војници во Ирак, со сите оние проблеми кои секојдневно се случуваат, со нерешавањето на статусот на бегалците, кои ние ги нарекуваме внатрешно иселени лица, со невозможноста Уставно правниот поредок на Република Македонија, да завладее на целата територија, без оглед колку Министерството за одбрана или било кое друго ресорно министерство, колку Македонската армија, колку Генераштабот на Македонската армија прави некаков видлив напредок, сериозен видлив напредок во рамките на реорганизациата на вооружените сили, ние нема ниту за јота да се доближиме  до зачленување во членството на НАТО. Впрочем, во овие шест месеци, нешто повеќе од овие шест месеци, ние имавме силни изјави од високи официјални претставници на Македонската Влада, од министри дека едноставно нема за што да се грижиме за Самитот на НАТО во Истамбул, поканата таму ќе дојде, а веќе за овие шест месеци слушнавме дека и како земја ќе бидеме задоволни ако добиеме јасен политички сигнал. Впрочем, таков јасен политички сигнал алијансата од секогаш, барем во овие 13 години на независно постоење на Република Македонија, алијансата никогаш не рекла едноставно нема да се шири во правците во земјите, кои веќе се дел од алијансата.

Внатрешната стабилност како момент уште повеќе сакам да ја истакнам, затоа што ќе ја спомнам уште еднаш посетата, која верувам дека во Владата посетата на САД, верувам дека полагаше ако не повеќе ќе постигне, да речеме, силен политички поен во македонската јавност. За жал, тоа нема да се случи, најверојатно, ниту во македонската јавност, затоа што истовремено, барем така се случија околностите, висок владин претставник, еден од коалиционите партнери на СДСМ во Советот на Европа директно ги оспори сеуште необјавените резултати од пописто. Ние, во текот на следната недела како Собрание, најверојатно, ќе се соочиме се жестоки расправии, особено, затоа што на дневен ред се измените на Законот за државјанство.

Да бидам краток и да завршам, она што сакам да го истакнам во иднина Министерството за одбрана ќе ја има секако, за жал, уште неколку пати таа тажна

улога преку хипокризија да ја крие неспособноста, генерално земено на Владат а, без оглед колку и да има чесни намери, јас се согласувам единствено со она што го кажа министерот за одбрана дека од ова единствено добро што може да види македонската војска, тоа е дека ќе се стекнат со неоппходното искуство, кое ќе биде неповторливо во однос на постарите старешини во Македонската војска од овие што сега од кои очекуваме да бидат и понатаму висок воен кадар кога евентуално би биле поканети, да станеме земја члена ка НАТО. Но, се додека на внатрешен политички план ситуацијата е таква каква што е, се додека македонската надворешна политика не умее конзистентно да ги објасни своите потреби и барања, Министерството за одбрана, Македонската војска ќе ја има таа улога да се бараат скиени мотиви или било какви други мотиви и без потребно да се отвораат дебати во јавноста кои нема да дадат ништо ново односно ништо продуктивно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како последен пријавен е пратеникот Благоја Голомеов.

БЛАГОЈА ГОЛОМЕОВ:

Благодарам г. претседателе, г. министре, почитувани колеги,

Ќе се обидам да бидам краток , бидејќи ова е тема за која расправавме пред неколку месеци и досега се искажаа многу аргументи и многу аргументација, меѓутоа, чувствувам обврска да го искажам ставот на ЛДП на пратеничката група и на почетокот да кажам дека ние во потполност ќе гласаме односно ќе го поддржиме овој проект, ќе го поддржиме испраќањето на вториот контингент од наши војници во Ирак. Притоа, ќе образложам кои се мотивите врз кои ја темелиме оваа наша одлука.

Како Република Македонија влеговме во еден проект и сигурно дека не можеме после појавувањето на првите потешкотии, едноставно радикално да ги менуваме ставовите и она што беше искажано пред неколку месеци. Мораме да покажеме дека како меѓународен субјекти имаме и стратегија, дека опстојуваме на нашите ставови, дека тие не се дневно политички, дека не се менуваат преку ноќ, дека сме свесни за нашите интереси. Пак велам бевме свесни и кога ја испраќавме првата мисија, кога влегувавме во овој проект дека се работи за невралгично подрачје, дека се работи за време на непосреден постконфликтен период и дека сите овие проблеми кои сега се појавуваат беа многу веројатни.

Меѓутоа, не сакам да ја гледаме денешната одлука да биде само во функција на нашето стратегиско “Партнерство во САД” и да биде само во функција на нашето

евентуално зачленување во НАТО Алијансата, што претставува стратегиска цел, која е со консензус поддржана од целиот Парламент.

Сакам денешната одлука да ја гледаме и во светло на фактот дека како земја сакаме да бидеме дел од прогресивните демократски сили светски, кои се обидуваат во Ирак да воспостават мир, демократија. Не можеме во услови кога имаме пројавување, интензивно пројавување на меѓународниот тероризам да ги промениме сега нашите ставови, бидејќи тероризмот се појавува како глобален проблем и мирот и спокојството на граѓаните, сите земји треба да бидат свесни дека не можат да го бранат само на својата територија, имајќи го предвид развојот на комуникациските системи, развојот на техничко - технолошките орудија. Мораме да бидеме свесни дека во секој момент на секоја земјина точка може да дојде до терористички акт. Повлекувањето пред тероризмот и терористичките закани, ќе значи само негово натамошно мотивирање односно ќе значи натамошен хаос во меѓународни рамки.

Затоа, уште еднаш сакам да го искажам нашиот став дека ние во потполност ќе го поддржиме одењето на Вториот контингент од наши војници во Ирак и истовремено сакам да им се заблагодарам на припадниците на актуелниот контингент таму за исклучително квалитетно извршените задачи и да го поздравам решението на Министерството, овој контингент да отиде нешто порано, како би можел да се аклиматизира на вистински начин и како би можело во содејство со постојниот контингент да добие одредени инструкции за начинот на извршување на задачите односно квалитетно да им се пренесат искуствата. Јас би рекол толку и пратеничката група на ЛДП ќе ја поддржи одлуката.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Збор има министерот за одбрана, г. Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете на крајот да го изразам своето задоволство што евидентно е дека постигнуваме сериозен политички консензус пред носењето на една сериозна политичка одлука. Резервите кои беа искажани од една од пратеничките групи која е во опозиција, ќе се обидам ако успеам со неколку заврши согледувања, да повлијаат на нивната одлука, затоа што евидентно е дека другите претставници на опозицијата, пред ВМРО-ДПМНЕ и ДПА дадоа поддршка на оваа владина

иницијатива. Јас и така го сватив барањето на ценетиот пратеник Андов, кој побара пауза за да ги погледне новите моменти и неговите дополнителни прашања сметав дека ќе сочека да ги чуе дополнителните одговори, за да може да го изградат својот став. Но, бев непријано изненаден кога на крајот од своето излагање веќе го соопшти ставот. И покрај тоа, бидејќи сум непоправлив оптимист, ќе се обидам да одговорам на неговите прашања кои се надевам дека можеби ќе повлијаат на дел од пратеничката група. Значи, пратеникот Андов отворено праша колку земји учествуваат во оваа антитерористичка коалиција. Според последните податоци Република Македонија е една од триесет и двете држави кои се дел од антитерористичката коалиција, а во меѓувреме уште 14 држави имаат декларирано дека ќе учествуваат во оваа коалиција. Од оние држави кои се членки на НАТО, евидентно е дека најголемиот товар од оваа 150 илјадна војска која е во Ирак и ја носат САД кои имаат близу 130 илјади војници, нешто над 10 илјади војници имааат Велика Британија, а другите 30 држави имаат различни контингенти. Предначи Полска со 2400 членка на НАТО, Италија 2400 членка на НАТО, Шпанија со 1000 членка на НАТО и од нашето опкружување, бидејќи имаше дополнително прашање, учествуваат Романија со 678 војници, Бугарија со 500 војници, Албанија со 70 војници. Надвор од овие членки, како што е можеби за нас интересно Украина со 1650 свои војници учествува во антитерористичката коалиција итн. Сметам дека по Резолуцијата, што е многу битно стигна декларативна поддршка од три моќни држави во светот. Тоа е Турција која декларираше 10 илјади војници дека е подготвена да испрати, тоа е Јапонија и тоа е Јужна Кореја. Декларирањето на 10 илјади војници од Турција не беше прифатено од Ирак од Ирачкиот совет и тоа е причината зошто Турција не учествува, заради проблемот со Курдистан и со Курдите, за да не биде тоа наместо дополнителен елемент на стабилизирање, да не биде дестабилизирачки фактор. Според последните информации од денес Јапонија која има специфичен Устав и каде што не постои дури ни можност да се испратат војници во мировни операции, симболично ги испраќа првите 10 војници, како дел од хуманитарните оперативни работници кои ќе работат. Јужна Кореја, евидентно е дека во директни преговори со Американците, ќе се придружи на коалицијата.

Останува фактот дека на прашањето за Ирак, дојде до поделба на вековното сојузништво на многу членки кои се дел од Европската унија. Но, од друга страна евидентно е, освен Франција и Германија нивните поддржувачи, како што се, пред се, Белгија, другите членки на НАТО и на Европската унија, се дел од нас, дел со нас во оваа антитерористичка коалиција. Затоа, сметам дека оваа дебата која беше

крајно сериозна, не треба повторно да го отвори прашањето колку оваа Влада или колку Парламентот и Република Македонија повеќе проамерикански или проевропски е настроена. Овде повеќе сум близок до становиштето кое преовладуваше дека членувајќи во антитерористичката коалиција, всушност, ние се придружуваме на прогресивните сили во светот или како фигуративно рече пратеникот Чашуле, избирајќи помеѓу демократијата и теророт, ние се приклонуваме кон оние кои со сите сили ќе се борат против тероризмот кој не познава граници. И, примерите кои се случуваат покажуваат дека навистина треба да бидеме крајно внимателни, затоа што независно од тоа дали сме дел или не од оваа коалицијА, тероризмот ќе ги напаѓа сите оние држави, пред се, исламските кои промовираат демократски и цивилизациски вредности. Затоа, Турција беше, според сериозните анализи, мета на нападот. Затоа, Турција нема таму бази. Турција сакајќи да биде неутрална, ниту има бази, ниту пак учествуваа, но сепак, беше цел на нападите. Така што, мислам дека, иако прашањето е хипотетичко, нашето учество понатамошно или неучество, нема Македонија да ја поштеди од евентуални терористички напади. Туку, засилената регионална соработка, размената на информации, координацијата која постои, потребна е крајна внимателност да бара од нашите безбедносни стгруктури, затоа што заканите и од Букурешт и од Софија и од Приштина и од Сараево и од Тирана опоменуваат дека тероризмот нема граници, дека терористите се околу нас и со учеството во оваа коалиција, сепак иако имаме скромно учество во овие 30 војници и со четворицата офицери за врски со 35 војници, во таа 150 илјадна војска, носејќи ваква сериозна политичка одлука, преземајќи ја заеднички одговорноста со Владата, Парламентот, сепак, вложува во иднината на Република Македонија, а тоа е иднина, која верувам дека ќе биде многу посветла и која идните генерации ќе ги уживаат плодовите од сето ова што денес ние го правиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Г-динот Андов има збор.

Повелете.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Со внимание го ислушав министерот и со тоа се потврди нашето мислење дека вака важни одлуки не е добро набрзина да ги донесуваме, ниту со итни постапки каде изостанува, да речеме една темелна расправа во надлежните

комисии каде може да се одговори на сите прашања што ќе бидат поставени, каде и ние овде во нашите говори поставуваме и прашања, но едноставно немаме шанса да ги оцениме, да ги испитаме сите околности што се пред нас сега, за кои што треба да одлучуваме.

Видете, Антитерористичката коалиција мора да остане наша определба и ние остануваме таму. И, во Антитерористичката коалиција се и оние земји како Србија и Црна Гора, Хрватска кои не испратиле таму војници. И, ние треба да сме свесни дека припадноста на Антитерористичката коалиција не се означува само со испраќање воени единици во Ирак, туку со општата политика, општото ставање на располагање на капацитетите на земјата во сузбивањето на тероризмот, таму каде што тој се јавува, каде што имаме можност да им се спротивставиме и поддршка политичка и било каква на оние сили кои се соочуваат со тероризмот.

Во Ирак мултинационалните сили, точно е така како што рече г-динот министер, ги сочинуваат пред се американските војници. Има 30 илјади војници од Британија, тие немаат толку жртви како што имаат американските и не се толку напаѓани и заради составот, таму се доста гуркаа војници, и заради подрачјето, веројатно каде што се сега. Меѓутоа, Мултинационалните сили во Ирак не се сили на НАТО. НАТО нема ниту една одлука да праќа сили во Ирак. Кога овде зборуваат луѓето за тоа дека ние, ако сега не испратиме сили, замена на овие војници, 29-те со 31, ние се оддалечуваме од приемот во НАТО бидејќи таму НАТО војува, тоа не е точно. НАТО нема никаква одлука зза да биде таму во Ирак и тоа не го тангира процесот на нашето влегување во НАТО. Тоа сакав да го кажам заради тоа што многу произволни искази овде се кажуваат значи, не е точно, дека ние, ако не испратиме војници заради околности што се над нашата сила, заради тоа што вие г-дине Бучковски бевте таму и знаете Таџи каде е. Таџи е место каде секогаш, не сакам овде да создавам атмосфера на страв, како Фалуџа и како Тикрит и како Багдад може да дојде до некој испад на терористи. Во тоа место има населено многу поранешни воени лица.

Така што, ние сме имале среќа и да му благодариме на Господа што ни ги сочувал тие војници таму кои се. Тоа е опасно место. Задачата е опасна. Не е неопасна. Воена е задачата. Не е задачата мирновременска, затоа што во тие места, во тој троаголник, најжесток Тикрит - Бакуба - Фалуџа - Тикрит е ситуацијата навистина многу опасна. Она што ние сега овде го викаме и зошто е ставот на Либералната партија таков, како што јас овде го изнесов, тоа не е пресудно тоа што ние сега, ако пратиме таму сили ќе бидеме поблиску до НАТО или ако не пратиме

сили нема да бидеме поблиску до НАТО итн., тоа мислам е ирелевантно прашање, но мислам да дадеме на нашиот сојузник, Соединетите Американски Држави еден знак, но и на големите Европски сили, како што се Франција и Германија, дека тие задно мораат итно да се погрижат за мирот и демократијата во Ирак, што поскоро да најдат поширока основа во населението на Ирак. Тоа е основно што сакаме да им го кажеме, оти со продолжувањето на ова темпо на конфликтот само ќе се шири основата на отпорот и ние мислиме дека тоа е погрешна концепција.

Затоа велиме дека треба ова да прерасне во операција на Обединетите Нации, да се здружат сите сили на НАТО, сите Европски сили, антитерористички и Русија мислам тука и Кина. Ако, никакво роптање овде нема, ако нема никаков знак дека ние едноставно си го голтаме тоа што е таму само затоа што нас не не погодило, зтоа не ни е страв и не знам што, а јас велам Господ да чува да се деси нам она што на италијаните, не ќе можеме на улица да излеземе од овде, тоа е сигурно така, ако сите сме јунаци и викаме не ни е страв. Не ни е страв, но не сме ние таа сила што може да ги искрши терористите. Ама, морално, политички, можеме да дадеме идеи, да ги актуелизираме и да инсистираме на  нив, да им кажеме на сојузниците дека мора да одат така, оти е нужно да се оди така. Може да е тоа ирелевантно, некој ќе рече не е многу важно ние што викаме. Како не е важно? Важно е секој да каже за тие работи.

И во овој Парламент сакаме да биде присутен и тој став. Еве, го презентираме тој став. Ние инсистираме, водечките сили во Антитерористичката коалиција да што поскоро најде солуција, правејќи широка основа  пред се на Коалицијата, претворајќи ја операцијата во операција на Обединетите нации, повикувајќи ги другите организации, како што е Исламската конференција Арапската лига да го повика целото население на соседните земји и на ирачкото население, да го следат патот на мирот и изградба на демократски институции. Тоа е единствен пат терористите да ги изолираме, да се изолираат, да се оневозможи теророт и тие граѓани, дури и на Ирак да не гледаат единствен излез само низ вооружениот конфликт.

Тоа е нашиот став и за тоа ние сега, за оваа одлука нема да гласаме.

Благодаам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодара.

Дали некој друг бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам тие пратеници кои се надвор, ако сакаат да гласаат, да влезат, бидејќи имаме кворум.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, 62 гласале за, 4 воздржано и 5 против.

Констирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на Единицата на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 46 седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

(Седницата со работа заврши во 14,40 часот).